**ПРЕДЛОГ ТЕКСТ ЗА КЛАУЗУЛА**
# КЛАУЗУЛА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУМПИРАНО ОДНЕСУВАЊЕ
(ЗА НАБАВНИ/ДОГОВОРИ СО ОБВРСКА ЗА ПЛАЌАЊЕ)

<*Договорната страна*> изјавува дека е запознаена со обврската на Македонски Телеком АД – Скопје да ги почитува своите правила за етичко деловно однесување и за спречување на корумпираното однесување, како и законите за спречување корумпирано однесување коишто се применливи за овој Договор и се обврзува да не го користи надоместокот примен од Македонски Телеком АД – Скопје во согласност со овој Договор за незаконски цели, особено да не дава или ветува, директно или индиректно, каква било незаконска предност на кој било јавен службеник* /јавна организација* за да му помогне на Македонски Телеком АД – Скопје или на кое било лице коешто делува во негово име за да стекне каква било незаконска предност.

<*Договорната страна*> изјавува дека нејзините членови, раководители, сопственици и вработени не се јавни службеници/јавна организација; и веднаш ќе достави известување или ќе даде нова изјава доколку настане каква било промена во овој поглед.
Во текот на целото времетраење на Договорот, < *Договорната страна* > гарантира дека:

- во врска со овој Договор, нема да ангажира кое било лице, придонесувач или претставник којшто не се придржува кон правилата за спречување корумпирано однесување, и
- веднаш ќе ја информира другата страна за какво било прекршување на правилата за спречување корумпирано однесување.

<*Договорната страна*> ќе соработува со Македонски Телеком АД – Скопје во согласност со процедурите поврзани со овој Договор, особено во врска со правилата за спречување корумпирано однесување.

***Дополнителен став во одредбата којшто го регулира раскинувањето на договорот***

Македонски Телеком АД – Скопје има право веднаш да го раскине овој Договор доколку <*Договорната страна*> ги прекрши одредбите утврдени во клаузулата за спречување корумпирано однесување.

*„Јавен службеник" во смисла и за целите на правилата и принципите за спречување на корумпирано однесување подразбира:

- член или службено лице на влада, министерство, друго национално или регионално владино тело, јавен орган или тело коешто му помага во неговата работа (законодавно, административно или судско тело) или општина, без оглед на тоа дали тоа лице е фактички вработено или ангажирано од страна на наведената јавна организација;
- лице коешто постапува во име на погоре наведените;
- политичка партија или нејзин претставник;
- кандидат за правен статус на јавен службеник;
- претставник или вработен на меѓународни организации, како што се Обединетите нации или Светска банка;
- поединци коишто имаат функционален авторитет како службеник;
- консултанти на јавни организации или јавни службеници;
- службеници и вработени во претпријатија или институции во државна сопственост, дури и оние што работат со комерцијален капацитет, вклучувајќи ги болниците, здравствените и образовните институции;

Јавна организација вклучува централна или регионална, државна, владина (вклучително и децентрализирани организации коишто работат под надзор на владата), локална владина или меѓународна, законодавна, управна или судска организација.

## ПРЕДЛОГ ТЕКСТ ЗА КЛАУЗУЛА
## КЛАУЗУЛА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУМПИРАНО ОДНЕСУВАЊЕ
(ЗА ПРОДАЖНИ ДОГОВОРИ)

< *Договорната страна* > изјавува дека е запознаена со обврската на Македонски Телеком АД – Скопје да ги почитува правилата на етичкото деловно однесување, и спречување на корумпирано однесување, како и законските одредби за спречување на корумпирано однесување што се применуваат за овој Договор, а кои страните ги имаат земено во предвид при склучувањето на овој Договор.

Страните изјавуваат и гарантираат дека согласно барањата на етичко деловно однесување, сите деловни одлуки содржани во овој Договорот, како и условите на договорот се направени исклучиво врз основа на законски деловни критериуми.

Во случај на непочитување на правилата за спречување на корумпирано однесување кои се применуваат на овој Договор, Македонски Телеком АД – Скопје има право веднаш да го раскине или отповика овој Договор.